

Со посна трпеза во центарот на градот, со песна и многу благослови за Свети Никола да ги чува прилепчани, градот Прилеп го прославува светецот заштитник, по петти пат организирано.

Света литургија се служеше во црквата Свето Благовештение, а пред параклисот во центарот на градот се палеа свеќи за здравје и благодет. Годинашниов домаќин фирмата Жито Прилеп и бизнисменот Ѓорѓија Атанасоски приготвија посна трпеза.

Прилепчани се задоволни што продолжува традицијата, зашто секоја втора куќа го има Свети Никола за домашна слава.

Благослови за празникот пред параклисот во центарот на градот упатија прилепското свештенство, владиката Петар, градоначалникот Марјан Ристески и годинашниот домаќин бизнисменот Ѓорѓија Атанасоски.

- Христијанството и потребата да им се помага на сите е во срцата на Македонците, во срцата на Прилепчани. Како што тоа го правел светецот, помагајќи им несебично на болните, сиромашните , на онеправданите. Нека е вековита традицијата, благословуваше Атанасоски.

Градоначалникот на Прилеп Марјан Ристески е убеден дека на градот му тргнало на подобро откако го штити светецот.

Прилепчанки кои пред две години се запишаа во гинисовата книга на рекорди, годинава направија 70-ина илјади посни сарми. На трпезата на булеварот имаше и посно гравче, риби, маслинки, пијалаци.

Нов домаќин за догодина е филијалата на Стопанска банка-Скопје. Директорот на Филијалата Стевчо Димоски вети дека како домаќини в година достојно ќе ја организираат прославата на празникот на градот.